[redacted]

Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПИ Су.бр. 5 / 22
11.07. 2022 година
Кратово

До
Основен суд Кратово

ОСНОВЕН СУД - КРАТОВО
ПРИМЕНО
на 01.07. 2022 г.

**ПРЕДМЕТ: Барање за информации од јавен карактер**

Почитувани,

[redacted] насилство спроведува истражување – Економско насилство како родово базирано и семејно насилство – Дали е доволно препознаено?.

Врз основа на ова, согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19) бараме одговор на долунаведените прашања:

1. **Колку предлози за изрекување на привремена мерка за заштита од насилство - задолжително законско издржување на семејството се поднесени до судот во периодот 2018-2021 година? Ве молам податоците доставете ги разделени по години, пол/род на сторител и пол/род на жртва.**

2. **Колку решенија за изрекување на привремена мерка за заштита од насилство - задолжително законско издржување на семејството се изречени во случаи на семејно насилство во периодот 2018-2021 година? Ве молам податоците доставете ги разделени по години, пол/род на сторител и пол/род на жртва.**

Доколку имате дополнителни информации или прашање ве замолуваме да го контактирате електронски лицето за контакт и тоа: [redacted]

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија

**√ електронски запис**

- д) друго ________________________________________

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс

**√ г) е-маил**

[redacted]

- д) друго ______________________________

Ве замолуваме бараните податоци доставете ни ги по електронски пат на следнава e-mail адреса:

[redacted]

**Ви благодариме за соработката,**

Со почит,

[redacted]

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.5/22
18.07.2022 година
К р а т о в о

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) постапувајќи по Барањето информации од јавен карактер од барателот [redacted]

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од [redacted], по предметот Барање за информации од јавен карактер од 01.07.2022 година, СЕ УВАЖУВА целосно.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], преку застапникот [redacted] Основен суд Кратово Ви ги доставува следните информации:

1. Во Основниот суд Кратово во периодот 2018-2021 година нема поднесено ниту еден предлог за изрекување на привремена мерка за заштита од насилство – задолжително законско издржување на семејството.
2. Нема донесено решение за изрекување на привремена мерка за заштита од насилство – задолжително законско издржување на семејството во случај на семејно насилство во периодот 2018-2021 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Кратово на 18.07.2022 година, под СПИ.бр.5/22

По овластување на Претседателот на судот,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Диме Петрушевски, Судски советник

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово